# Посебни услови за осигурување од одговорност на друштвата за ревизија

Друштвото за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје со седиште на Бул.Илинден број 1, 1000 Скопје,тел.број 02 3288 800, факс 02 3215 128,www.sigal.com.mk
Овие услови се донесени на редовна седница на Управен одбор одржана на 16.03.2026 година и се применуваат од 01.04.2026

## I ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

**Осигурувач**–е друштво за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје

**Договорувач на осигурување**–е правно или физичко лице кое со осигурувачот склучува договор за осигурување.

**Осигуреник**–е друштво за ревизија на кое законската одговорност е опфатена со осигурување ако совесно и чесно ја обавува својата дејност кај субјектот на ревизија,согласно на законот за ревизија.

**Трето лице**–е корисник на осигурување,односно тоа е правно лице кое ја обавува дејноста со седиште во република македонија и е субјект на ревизија,а поради нереална и необјективна ревизија му е нанесена имотна штета.

**Друштво за ревизија**–е домашно и странско правно лице регистрирано за вршење на ревизија во република македонија,кое мора да има најмалку двајца овластени ревизори.

**Ревизија**–е постапка за испитување и оцена на финансиските извештаи врз основа на кои се дава стручно мислење за реалната и објективната состојба на имотот, капиталот; обврските и добивката од работењето на субјектот, како и оцена за организацијата и донесувањето на деловните одлуки на раководниот кадар во согласност со актите, како и начинот на функционирање на информативниот систем.

**Финансиски извештај**–го опфаќа билансот на состојбата, билансот на успех,сметките за добивка и загуба,прегледот на паричните текови,забелешките и други извештаи,кои претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

Извештајот за извршена ревизија–е стручно мислење на овластен ревизор за објективноста и реалноста на сметководствените искази, начела и стандарди,со кои се искажува финансиската состојба, резултатите од работењето и промените кај субјектот кај кого се врши ревизија.

**Полиса**–е исправа за склучено осигурување.

**Премија за осигурување**–и износ што договорувачот на осигурување,односно осигуреникот го плаќа согласно договорот за осигурување.

## II Основни одредби

### Член 1

### Предмет на осигурување

Предмет на осигурување согласно овие услови е законската одговорност на друштвото за ревизија за имотна штета која ќе ја предизвикаат вработените овластени ревизори кај субјектот на ревизија,со погрешно оформено мислење во извештајот за извршената ревизија,како последица на пропуст или грешка од небрежност,при совесно и чесно обавување на законските должности.

Со надомест на штета поради пропуст или грешка на овластените ревизори на друштвото за ревизија се опфаќаат сите субјекти на ревизија со кои е склучен договор за вршење на ревизија и кои не го попречувале работењето на овластените ревизори при изготвување на реално и објективно мислење за донесување на извештајот за извршената ревизија.

Со осигурување не се опфаќа одговорност за штета,која на субјектот на ревизија е предизвикана со дејствија преземени со намера,измама и грубо невнимание од страна на овластените ревизори на друштвото за ревизија.

### Член 2

### Сума на осигурување

Сумата на осигурување по склучен договор за ревизија, претставува горна граница за обврските на осигурувачот по еден осигурен случај.

Минимална сума на осигурување под која не може да се склучи договор за осигурување изнесува 15.000 Еур во денарска противвредност,според средниот курс на народна банка на република македонија на денот на осигурувањето.

Осигуреникот може да договори и повисока сума на осигурување од минималната, согласно тарифата на осигурувачот.

### Член 3

### Извор на опасност

Извор на опасност се законските должности од кои можат да настанат пропусти и грешки при совесно и чесно обавување на дејноста на овластените ревизори во друштвото за ревизија согласно законот за ревизија а тие се:

- Испитување и оцена на финансиските извештаи и сметководствените искази (извештаи);
- Испитување на податоците и методите кои се применувани при составување на финансиските и сметководствените извештаи;
- Испитување на вистинитоста и објективноста на извештаите за прикажаната состојба на средствата,капиталот,побарувањата и обврските,како и резултатите на субјектот;
- Испитување и оцена на работењето,организираност на деловни функции,начинот на донесување на деловните одлуки,функционирање на иформативниот систем на субјектот и другите прашања значајни за работењето.

### Член 4

### Осигурен случај

За осигурен случај според овие услови се смета законската одговорност поради пропуст или грешка направени од небрежност од друштвото за ревизија при вршење на ревизија кај еден субјект на ревизија,за одреден пресметковен период,со која се опфаќа целокупната документација потребна за давање на стручно мислење во извештајот за извршената ревизија.

Осигурениот случај настапува оној момент кога се остварил штетен настан како последица на пропуст или грешка,врз основа на кој би можело да се истакне оштетно барање од страна на субјектот,за настанатата имотна штета.

Не се смета за осигурен случај,пропуст или грешка во вршење на ревизија,кои биле познати или морале да бидат познати при вршење на ревизија.

Се смета дека пропуст или грешка настапиле оној момент, кога требало да се преземе некоја од пропишаните должности, за да се спречи настанување на штета.

### Член 5

### Штети исклучени од осигурување

Од осигурување се исклучени сите штети кои се настанати со:

1. Намера, измама и превара од страна на субјектот на ревизија;
2. Намера, измама и грубо невнимание од овластениот ревизор на друштвото за ревизија;
3. Преземени обврски вон доменот на ревизијата;
4. Незапазување на договорените рокови;
5. Вршење на ревизија без дозвола за работа поради неисполнети законски услови;
6. Вршење на ревизија спротивно на законот и меѓународните стандарди за ревизја;
7. Вршење на ревизија спротивно на член 13 и 27 од законот за ревизија;
8. Неизвршена ревизија;
9. Губење на документацијата, извештај, стручно мислење, информации и други документи и сознанија за субјектот на ревизија;
10. Во сите случаи кога неможе да се утврди одговорност на осигуреникот согласно на уставот и законот;
11. Други ризици кои не се предмет на осигурување.

## III ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 6**

**Склучување на договор за осигурување**

Договор на осигурување се склучува врз основа на писмена понуда поднесена од овластеното лице на друштвото за ревизија,а склучен е кога договорените страни ќе ја потпишат полисата за осигурување.

Ако осигурувачот во врска со применатa писмена понуда побара било какво дополнување или измена,како ден на прием на понудата ќе се смета денот кога осигурувачот го примил бараното дополнување или измена.

**Член 7**

**Почеток и престанок на осигурувањето**

Обврската на осигурувачот започнува по истек на 24от час од денот кога во договорот за осигурување е означен како почеток на осигурување.

Обврската на осигурувачот престанува со истек на 24от час од денот кој во договорот е означен како ден на истек на осигурувањето.

Осигурувањето може да престане и поради раскинатиот договор за ревизија,одземена дозвола за работа, неисполнување на договорените обврски и во други случаи кога постојат законски пречки.

**Член 8**

**Плаќање на премија**

Договарачот на осигурувањето,премијата за осигурување ја плаќа веднаш,при склучување на договорот за осигурување, ако поинаку не е договорено.

Ако е договорено премијата да се плаќа во рати,осигурувачот може да засмета законска камата,во случај кога премијата не е платена до денот на доспеаност на договорената рата.

**Член 9**

**Промена на условите и тарифата**

При промена на условите и тарифа,осигурувачот е должен да го извести договарачот на осигурувањето писмено.

Извршените промени стапуваат на сила за наредниот период од осигурување.

**Член 10**

**Промена на адреса и име на фирма**

Договарачот на осигурување е должен за секоја промена на адреса и назив на фирмата и седиштето,да го извести осигурувачот во рок од 15 дена од денот на извршената промена.

Ако договарачот на осигурувањето не постапи според претходниот став,за важност,односно валидност на известиоето упатено од страна на осигурувачот,доволно е осигурувачот д постапил според податоците со кои располагал во времето на известување.

**Член 11**

**Обрска на осигуреникот кога ќе настане осигурен случај**

Осигуреникот е должен да го извести осигурувачот најдоцна во рок од 3 дена од денот на пријавувањето на оштетеното побарување од оштетениот.

Осигуреникот е должен на осигурувачот да му овозможи увид во целокупната документација со уредна сметководствена евиденцијаи аргументирани факти кои се потребни за утврдување на причината и висината на штетата.

Осигуреникот е должен да го извести осигурувачот и да достави наод од надлежен орган,кога барањето за надомест на штета против него е истакнато преку суд.

Осигуреникот не е овластен без претходна согласност од осигурувачот да се изјаснува по барањето,а особено да го признае потполно или делумно. Да се спогодува или да изврши исплата.

Ако оштететниот поднесе тужба за надомест на штета против осигуреникот,тој е должен да го извести осигурувачот писмено во врска со штетниот настан,како и да се договорат околу водењето на спорот.

Во случај кога оштетениот со барањето за надомест на штета непосредно ќе му се обрати на осигурувачот,осигуреникот е должен да даде писмена изјава за причината за настанување на штета и е дожен да ги презентира сите документи од уредно водената евиденција и битните факти со кои располага,а кои се неопходни за утврдување за одговорноста на причинетата штета и оцена на основаноста на барањето, обемот и висината на штетата.

Доколку осигуреникот не се придржува кон обврските на овој член,самиот ќе ги сносни штетните последици кои ќе настанат поради тоа,освен ако тие би настале и да се придржувал кон обврските.

Договорувачот, осигуреникот, корисникот и секое трето лице е должно да поднесе барање за надомест на штета на начин и рокови дефинирани со овие услови.

Доколку истото лице поведе судска постапка за надомест на штета без да поднесе вонсудско барање за надомест на штета, или поведе судска постапка пред истек на рокот определен за осигурувачот вонсудски да даде одговор на поднесеното барање, таквата тужба согласно овие услови ќе се смета за преуранета и неоснована, и трошоците за истата се на товар на тужителот.

**Член 12**

**Обврски на осигурувачот по поднесено барање од оштетениот**

Во врска со поднесеното барање на штета од страна на оштетениот субјект, осигурувачот има обврска:

- Заедно со осигуреникот да преземе одбрана од неосновани и претерани барања за надомест на штета (правна заштита);
- Да ја надомести настанатата штета (надомест на штета);
- Да ги надомести трошоците по судска постапка (надомест на судските трошоци).

**Член 13**

**Правна заштита**

Обрската на осигурувачот за давање на правна заштита опфаќа:

- Испитување на одговорноста на осигуреникот за настанатата штета;
- Водење спор во име на осигуреникот ако оштетениот остварува право на надомест на штета во процес на постапка;
- Давање во име на осигуреникот изјави кои што смета дека ќе бидат од корист за задоволување или за одбрана од неосновано или претерано барање за надомест на штета.

Ако е поднесена тужба директно против осигуреникот, тој е должен веднаш да го извести осигурувачот и да се придржува на упатствата дадени од осигурувачот.

Во случај осигурувачот на име надомест на штета да ја исплатил сумата на осигурување пред покренување на спорот, престанува и неговата обврска на правна заштита.

**Член 14**

**Надомест на штета**

Осигурувачот го исплатува надоместот на штета во рок од 14 дена, сметано од денот кога е утврден обврската и висината на таа обврска.

Доколку при разгледување на барањето се утврди дека осигуреникот не ги доставил сите дикази и факти битни за утврдување на основот и висината на штетата, осигурувачот нема да изврши исплата на штета се додека не се достави потребната документација.

**Член 15**

**Надомест на трошоците по постапката**

Ако спорот е воден со знаење и согласност на осигурувачот со осигурувањето се покриени и трошоците на спорот.

Трошоците за кривична постапка, како и трошоци за застапување на осигуреникот, осигурувачот не е во обврска да ги надомести.

Кога ќе ја изврши својата обврска со исплата на сумата н осигурување, осигурувачот се ослободува од сите натамошни давачки во име на надомест на чтета и трошоци.

**Член 16**

**Непосредно барање од оштетениот субјект**

Ако оштетенит субјект, своето барање и тужба за надомест на штета ги упати само према осигурувачот, осигурувачот е должен да го извести осигуреникот и да го повика да ги презентира сите потребни докази, а осигуреникот е должен да преземе мерки заради заштита на своите интереси.

Доколку во случајот од претходниот став осигурувачот одлучи да исплати

надомест на оштетениот во потполност или делумно, должен е за тоа да го извести осигуреникот.

**Член 17**

**Утврдување и процена на штета**

Штетата ја утврдуваат и проценуваат заедно осигуреникот и осигурувачот со оштетениот субјект, односно нивни овластени претставници.

Штетата се утврдува и проценува врз основа на уредно водена целокупна докумнетација за извршена ревизија, која се доставува на удвид на овластениот претставник на осигурувачот, а согласно на законот за облигационите односи и законот за ревизија.

Под документација во смисла на овие услови се сметаат сите документи во оригинал или фотокопија, а тие се:

- Сметководствени исправи;
- Деловни книги (дневник, главна и помошна книга);
- Детални финансиски извештаи (биланс на состојба, биланс на успех и извештај за промени во финансиската положба);
- Забелешки со финансиските извештаи и др.

**Член 18**

**Вештачење на штета**

Доколку при утврдување и проценување на штета не се согласат договорените страни и оштетениот, може да побараат штетата да се утврди и процени по пат на вештачење.

Секоја од договорените страни и оштетениот писмено го именува својот вештак. За вештаци може да се именуваат лица кои се во работен однос кај нив, а кои не учествувале во претходната проценка.

Пред почетокот на вештачењето, именуваните вештаци бираат вештак за претседател, а кој е со високо образование и не е во работен однос кај договорните страни. Претседателот дава стручно мислење по спорните прашања на вештаците.

Предмет на вештачење можат да бидат само спорни факти. Кои спорни факти ке бидат предмет на вештачење како и постапката за вештачење, конкретно ги определуваат договорените страни со писмен договор за вештачење.

Секоја договорена страна и оштетениот ги сноси трошоците за својот вештак, а за претседателот ги сносат сите страни рамномерно.

**Член 19**

**Висина на надомест на штета**

Висината на надоместот на штета неможе да биде поголема од штетата што оштетениот ја претрпел со настанување на осигурениот случај.

Надоместот на штета и судските трошоци се исплатуваат најмногу до договорената сума на осигурувањето со што престанува и обврската на осигурувачот.

**Член 20**

**Право на регрес**

Осигурувачот задржува право на регрес од осигуреникот, односно право на повраток на штета од оштетениот, во случај кога дополнително ке се утврди дека штетеата е предизвикана со намера, измама или грубо невнимание, а за која, на осигурувачот од страна на осигуреникот, односно оштетениот не му се презтенирани точни и вистински податоци, односно докази за надомест на штета.

**Член 21**

**Застарување на побарувањето**

Осигурувачот нема обврска за исплата на настанатата штета, доколку побарувањето за истата е застарено согласно одредбите од Законот за облигационите односи.

**Член 22**

**Територијално важење на осигурувањето**

Со осигурувањето се опфатени само осигурени случаи што ќе настанат на република македонија.

**Член 23**

**Надлежност на судот во случај на спор**
**и примена на законите**

Во случај на спор помеѓу Осигурувачот од една страна и Договорувачот, осигуреникот, корисникот и/или секое трето лице од друга страна надлежен е Основниот граѓански суд Скопје.

За односите помеѓу договорените страни се применуваат одредбите од законот за облигационите односи, општите услови за осигурување од одговорност и посебните услови за осигурување од одговорност на друштвата за ревизија.

Доколку не се во спротивност со овие услови, на осигурувањета склучени според овие услови ќе се применуваат и Општите услови за осигурување од одговорност.